Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 2/06) , Претседателката на Советот на Општина Свети Николе на ден 09.11. 2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на триесет и осмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Триесет и осмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **15.11. 2023 година (среда) со почеток во 14:00 часот** во салата за седници на Совет на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

Усвојување на Записник од триесет и седмата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 31.10. 2023 година;

**Точка 1**
Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за утврдување на висината на паричен надоместок на членовите на Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 3**
Предлог – Одлука за утврдување на висината месечен надоместок на членовите на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 4**
Предлог – Развојна Програма за изградба, санација и реконструкција на тротоари во општина Свети Николе во 2024 година;

**Точка 5**
Предлог - Развојна Програма за изградба на улици и патишта во град Свети Никое за 2024 година;

**Точка 6**
Предлог - Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на рабоните места на ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе;

**Точка 7**
Извештај за реализација на Општина Свети Николе за третиот квартал за 2023 година;

**Точка 8**

Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за трет квартал од 01.01.2023 година до 30.09. 2023 година;

**Точка 9**

Квартален извештај за достасани ненамирени обврски-збирен за трет квартал на Општина Свети Николе;

**Точка 10**

Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините од 01.01. до 30.09. 2023 година;

**Точка 11**

Извештај за материјално-финансовото работење на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за период од 01.01. 2023 година до 30.06. 2023 година;

**Точка 12**

Извештај за материјално-финансовото работење на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за период од 01. 01. 2023 година до 30.09. 2023 година;

**Точка 13**

Барање финансиска помош од лицето М.П.

**Точка 14**

Барање на финансиска поддршка за издавање на збирка поезија за возрасни од лицето К.А.Н.

**Точка 15**

Барање финансиска помош од лицето Т.

Br.08о1-**557**
**09.11. 2023** godina
Sveti Nikole

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**